ПАКОМАК

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# Е-ИНФО 39

## АКТИВНОСТИ НА „ПАКОМАК"
## ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУЛИ ДО
## СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ | Packaging Recovery Organisation Europe PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ НА „ПАКОМАК" ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУЛИ ДО СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА. ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ ЧИЈА ЦЕЛ Е ПРОМОЦИЈА НА ВАЖНОСТА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРЕРАБОТКА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД.

ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2021

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Packaging Recovery Organisation Europe
PRO EUROPE

## НАСЕЛЕНИЕ

- ПАКОМАК ГИ ПОСТАВИ ПРВИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА СКОПЈЕ
- ПАКОМАК СО ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО ВЕРО МАРКЕТИ
- ЛЕТНО УЧИЛИШТЕ ЗА МАГИОНИЧАРИ – СОРАБОТКА НА ПАКОМАК И МАГИОНИЧАРОТ КРИСТИЈАН
- „ПАКОМАК“ КРЕИРАШЕ ВИДЕОТУТОРИЈАЛ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВЕНДИНГ МАШИНА
- „ПАКОМАК“ ПРЕТСТАВИ АНИМИРАН ТУТОРИЈАЛ ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ
- „ПАКОМАК“ СО ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА НАСТАНОТ „ФИЛХАРМОНИЈА И АРХАНГЕЛ ЗА СКОПЈЕ“
- ЕДУКАТИВНА КАМПАЊА НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ НА „ПАКОМАК“
- „ПАКОМАК“ СО ЕКОАКТИВНОСТИ НА ЧЕТВРТОТО ИЗДАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ ЗА СВЕТЛИНА – SKOPJE LIGHT ART DISTRICT

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- „ПАКОМАК“ ИЗРАБОТИ ВОДИЧ ЗА КЛИЕНТИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, И НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ ОТПАД

# НАСЕЛЕНИЕ

## 1 ПАКОМАК ГИ ПОСТАВИ ПРВИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА СКОПЈЕ

На 15.7.2021 година, во Веро Центар – Скопје беше промовирана првата, од трите, вендинг машини на територија на Скопје, што ќе работат со специјален систем и ќе доделуваат „зелени поени" на секој којшто во нив ќе го остави својот отпад. Преостанатите две машини се поставени во различни маркети од ланецот на Веро.

На промоцијата на првата вендинг машина поставена на територија на главниот град, во трговскиот центар Веро Џамбо, покрај претставници на „Пакомак" беа присутни и министерот за животна средина – Насер Нуредини, деканот на ФЕИТ – Димитар Ташковски, амбасадорката на Швајцарија – Сибил Зутер, австрискиот амбасадор – д-р Георг Вуцас, директорот на Веро Супермаркети – Петар Денковски, како и основачите на „Пакомак". Пред присутните беше покажано како работат машините и како функционира системот со доделување „зелени поени" – делот за кој новинарските екипи беа најзаинтересирани. Повратните вендинг машини беа развиени од страна на „Пакомак", во соработка со ФЕИТ и Фондот за иновации. Како македонски производ, направен според потребите на локалното население, повратните вендинг машини на „Пакомак", имаат пониска цена на производство и одржување. Едновремено, придобивката од селектирањето, преку нив, претставува соодветна награда што ќе им го олесни животот на граѓаните и ќе ги поттикне почесто да го селектираат отпадот.

„Повратните вендинг машини се голем тренд во светот, особено во

општествата каде што се става поголем фокус на селектирање и рециклирање на отпадот. Меѓутоа, уникатноста на машините на „Пакомак“ е во системот за повратни поени што ги добива секој кој во нив го остава отпадот, а коишто ние ги нарековме – зелени поени. Во зависност од тоа колкава е количината на оставениот отпад, толкав ќе е и бројот на поени што ќе ги добиете. Зелените поени ќе може да ги искористите за плаќање сметки, јавни услуги, или за шопинг. На граѓаните преку зелените поени им се враќа реална вредност на материјалот што го селектираат, колку што би добиле секаде во светот. Ова не е класичен депозитен систем, како во некои земји, каде што граѓаните ги добиваат назад своите пари што ги дале кога го купиле производот. Преку овој систем, стотина илјади евра би се вратиле на оние граѓани коишто имаат совесен пристап кон селекција на отпадот”, изјави Филип Ивановски, генерален директор на „Пакомак“.

„Поставувањето на овие повратни вендинг машини дава нова димензија на отпадот од пакување, за сите нас како граѓани. Дадена ни е можност свесно да го селектираме отпадот и да го оставаме на соодветно место, од каде што истиот, низ процесот на рециклирање, ќе се искористи како секундарна суровина и ќе добие нова употребна вредност. До ваквите машини, коишто се тренд во светот, секој граѓанин има пристап и може да го остави отпадот и додека пазарува. Со нив лесно се применува системот на кауција со што се стимулира поеколошко пакување и задолжителен поврат на амбалажата, а граѓаните добиваат финансиски поттик за одговорното однесување”, изјави министерот Нуредини.

Веро Супермаркети отсекогаш поддржувале проекти од општествена важност, и таа определба ќе продолжи и понатаму. Грижата за животната средина е обврска на сите нас и секој треба да придонесе во рамките на своите можности, изјави г. Петар Денковски.

„Швајцарија активно ја поддржува Северна Македонија во борбата против климатските промени и токму затоа, уште од самиот почеток ја препознавме вредноста и важноста на проектот за поставување вендинг машини. Сметаме дека можноста за селективно одложување на отпадот треба да биде подостапна за граѓаните, посебно во урбаните средини, а вендинг

машините токму тоа го овозможуваат. Немаме друга алтернатива освен, сите ние, со свој придонес да се приклучиме кон грижата за животната средина. Го поддржуваме овој проект и истовремено ги повикуваме сите да ни се приклучат", изјави амбасадорката на Швајцарија, Сибил Зутер.





# 2 ПАКОМАК СО ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО ВЕРО МАРКЕТИ

Во текот на месец јули и август, во Веро Џамбо, Тафталиџе и Аеродром, се одржаа промотивни активности, со цел граѓаните правилно да се едуцираат за начинот на функционирање на вендинг машината на „Пакомак“.

Неколку промотерки, детално обучени за користењето на вендинг машината, демонстираа како се користи истата и им помогнаа на граѓаните на кој начин ефективно и ефикасно да ја користат вендинг машината, во иднина.

Дополнително, граѓаните беа едуцирани за користење на мобилната апликација – Екомак, што може да се спушти од Play Store и App Store, како и за начинот на кој може да се добијат и користат зелените поени.



# 3 ЛЕТНО УЧИЛИШТЕ ЗА МАГИОНИЧАРИ – СОРАБОТКА НА ПАКОМАК И МАГИОНИЧАРОТ КРИСТИЈАН

И оваа година, „Пакомак“ и магионичарот Кристијан креираа серијал од видеоматеријали, наменети за децата од школска и претшколска возраст. Во овој проект, преку забавни магионичарски видеа и интересни трикови, децата учеа за важноста на селектирањето и одржувањето чиста животна средина.

Преку магионичарските трикови, Кристијан и овојпат ги едуцираше најмладите како да го селектираат отпадот во контејнерите на „Пакомак“ и како се користат вендинг машините на „Пакомак“.

обезбедат дополнителни награди и донации за општините коишто најмногу се истакнаа во изминатата година.

Трите општини со најдобар резултат, според мислењето на жири-комисијата, беа соодветно наградени за својата посветеност кон чиста, здрава и одржлива околина. Наградите и донациите се со цел да бидат од корист на сите луѓе од заедницата, но и за да го поттикнат активното учество во борбата за почиста околина.



# 4 „ПАКОМАК“ КРЕИРАШЕ ВИДЕОТУТОРИЈАЛ ЗА КОРИСТЕЊЕ ВЕНДИНГ МАШИНА

Со цел правилно користење вендинг машина, „Пакомак“ креираше едукативен видеотуторијал, преку кој го опиша целиот процес за правилна селекција на пластични шишиња и лименки.

Во видеото, познатиот актер – Игор Ангелов, детално го демонстрираше целосниот процес: од селектирање на отпадот, до процесот на користење на зелени поени.

Овој видеозапис, може да се погледне на официјалниот facebook-профил на „Пакомак“ и истот е преведен на англиски и албански јазик, со цел едукација на поширокатa публика.



# 5 „ПАКОМАК“ ПРЕТСТАВИ АНИМИРАН ТУТОРИЈАЛ ЗА КОРИСТЕЊЕ ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ

„Пакомак“, во текот на летниот период, на својот официјален facebook-профил, објави анимиран туторијал за користење на зелените поени.

Зелени поени добиваат граѓаните коишто при селектирање паластични шишиња и лименки, во вендинг машините на „Пакомак“, го скенираат QR-кодот во апликацијата. Во туторијалот е објаснето дека вчитувањето на QR-кодот, од мобилната апликација, се прави на почетокот, пред да се внесат сите шишиња во вендинг машината.

За секоја една амбалажа се добива по 1 зелен поен. Еден зелен поен е еднаков на 0,5 денари. На граѓаните, преку зелените поени им се враќа реална вредност на материјалот што го селектираат, колку што би добиле секаде во светот. Ова не е класичен депозитен систем како во некои земји, каде што граѓаните ги добиваат назад своите пари што ги дале кога го купиле производот. Преку овој систем, стотина илјади евра би се вратиле на оние граѓани коишто имаат совесен пристап кон селекција на отпадот.

Во оваа фаза од работата, со користење на зелените поени, граѓаните може да купуваат ваучери за попусти, за пазарење во сите Веро маркети.






# 6 „ПАКОМАК“ СО ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА НАСТАНОТ „ФИЛХАРМОНИЈА И АРХАНГЕЛ ЗА СКОПЈЕ“

На 26.7.2021 година, се одржа концертот насловен како „Филхармонија и Архангел за Скопје“, реализиран во соработка со Град Скопје, како дел од програмата за одбележување на 58 години од катастрофалниот земјотрес што го погоди Скопје.

Бројните посетители, во прекрасна атмосфера имаа можност да уживаат во безвременските песни на „Архангел“, во оргинална придружба од Македонската филхармонија, под дигентска палка на маестро Џијан Емин.

За време на настанот, „Пакомак“ оддржа екоакција за собирање амбалажа од пијалоци што се консумираа на самиот настан.

Промотимот на „Пакомак“ носеше ранец-корпи во коишто посетителите лесно можеа да селектираат пластичнен отпад и лименки.

„Пакомак“, преку оваа активност овозможи градскиот парк, по настанот, да остане чист и на интересен начин ја пренесе пораката за заштита на животната средина, преку правилна селекција на отпадот.





# 7 ЕДУКАТИВНА КАМПАЊА НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ НА „ПАКОМАК“

„Пакомак“, по поставување на вендинг машините во Веро центар, започна комуникација на социјалните медиуми, со цел да ја информира јавноста за нивните локации , но и за начинот за нивно користење.

Преку објавување едукативни објави и преку интеракција со граѓаните, одговарајќи на нивните прашања, „Пакомак“ го објасни процесот за користење на машините и апликацијата, како и бенефитите од правилна селекција на пластичниот отпад и лименките, во вендинг машината на „Пакомак“.



# 8 „ПАКОМАК“ СО ЕКОАКТИВНОСТИ НА ЧЕТВРТОТО ИЗДАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ ЗА СВЕТЛИНА – SKOPJE LIGHT ART DISTRICTФЕСТИВАЛ ЗА СВЕТЛИНА – SKOPJE LIGHT ART DISTRICT

Оваа година, на 8 септември, се одржа четвртото издание на меѓународниот фестивал за светлина – Skopje light district, на вкупно 15 локации. Од шалтер салата на Пошта, до Градскиот парк, 25 светлосни дизајнери и уметници, на скопјани им ја претставија магијата на светлосната уметност.

„Пакомак“, на настанот, имаше промотимови коишто во своите „ранец-корпи“ собираа пластични шишиња и лименки, од присутните на настанот. едуцирајќи ги за правилна селекција на истиот.



# БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

## 9 „ПАКОМАК“ ИЗРАБОТИ ВОДИЧ ЗА КЛИЕНТИ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, И НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ ОТПАД

„Пакомак“, во септември, со посебна чест, го претстави Водичот за практична примена на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови отпад.

Свесни за значајните промени што влегуваат во сила, овој Водич кратко ќе ги презентира најбитните измени, со цел колку што е можно поподготвено заедно да се адаптираме на новите законски барања. Вистински предизвик е во водич да се анализираат два обемни закона, но со оглед на фактот што најголем број од клиентите се запознаени со децениското функционирање на „Пакомак“, во Водичот, пред сè, акцентот ќе биде ставен на клучните измени што ги засегаат производителите.

Само со доследно, професионално, одговорно и трудољубиво однесување може да ја продолжиме успешната приказна на „Пакомак“ и во согласност со домашното право, европските регулативи и најдобрата практика да го намалиме на минимум негативното влијание на отпадот од амбалажа врз животната средина, да промовираме одговорен однос на компаниите кон отпадот од амбалажа и со тоа да овозможиме поквалитетен живот за сите.


ПАКОМАК

# ВОДИЧ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА

Законот за управување со пакување и отпад од пакување и на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад

СЕПТЕМВРИ 2021 ГОДИНА

ЈУЛИ- СЕПТЕМВРИ 2021

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Packaging Recovery Organisation Europe
PRO EUROPE